## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр.08-359

Скопје 18.09.2017г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-359 од 31.08.2017 година, на д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-3990/2 од 18.09.2017 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 31-та седница одржана на 18.09.2017 година, донесе:

### РЕШЕНИЕ
### за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување

1. СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, бр.08-17 од 05.01.2015 година, покрената со Предлог Уп1 бр.08-359 од 31.08.2017 година.

2. Решението ќе стапи во сила доколку Трговското радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, започне со емитување на телевизискиот програмски сервис, што ќе се утврди врз основа на контрола и Записник од надлежната организациона единица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доставен до Директорот на Агенцијата, најдоцна до 19.09.2017 година, 10.30 часот.

### Образложение

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 30-тата седница одржана на 04.09.2017 година, по Предлог на Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.08-359 од 31.08.2017 година покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, бр.08-17 од 05.01.2015 година, поради тоа што имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, во врска со член 82 став 1 алинеја 2, а во согласност со член 83 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), врз основа на Заклучокот, бр.02-3833/2 од 04.09.2017 година.

Во врска со наведеното, од страна на Агенцијата на 07.09.2017 година, до погоренаведениот радиодифузер беше испратено Известување Уп1 бр.08-359 од 06.09.2017 година, дека доколку веднаш не го усогласи своето работење со

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и не отпочне со емитување телевизиско програма, Советот на Агенцијата најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, бр.08-17 од 05.01.2015 година.

На 18.09.2017 година, од страна на Трговското радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, до Агенцијата доставено е Известување наш Уп1 бр.08-359 (бр.03-30 од 18.09.2017 година), со кое ја известува Агенцијата дека ТРД ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, на 18.09.2017 година, со Друштвото за комуникациски услуги Оне.Вип ДОО Скопје, го потпишал договорот за дигитално терестријално емитување на својот сигнал на регионално ниво, како и дека на истиот датум меѓу нив е потпишана и спогодба на репрограмирана исплата на меѓусебните финансиски побарувања.

Исто така, на 18.09.2017 година, од страна на Друштвото за комуникациски услуги Оне.Вип ДОО Скопје, до Агенцијата доставен е Допис – Доставување на информација (бр.10-4806/1 од 18.09.2017 година), наш арх. бр.03-4043/1 од 18.09.2017 година, со кој меѓудругото ја информираат Агенцијата дека Оне.Вип ДОО Скопје и Трговското радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, се согласиле да потпишат нов Договор за дигитално емитување на програмски сервиси по што сигналот на Трговското радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, ќе се емитува на нивната платформа почнувајќи од 19.09.2017 година.

Следствено на погоре наведеното, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 31-та седница одржана на 18.09.2017 година, согласно Заклучокот, бр.02-3990/2 од 18.09.2017 година, донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, бр.08-17 од 05.01.2015 година, покрената со Предлог Уп1 бр.08-359 од 31.08.2017 година. При тоа, се утврди дека Решението за запирање на предметната покрената постапка за одземање на дозволата, ќе стапи во сила доколку Трговското радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, започне со емитување на телевизискиот програмски сервис, што ќе се утврди врз основа на контрола и Записник од надлежната организациона единица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доставен до Директорот на Агенцијата, најдоцна до 19.09.2017 година, 10.30 часот.

На 19.09.2017 година, 08.20 часот од страна на Секторот за информатичка поддршка и општи работи, како надлежна организациона единица во Агенцијата до Директорот на Агенцијата, доставен е Записник од спроведена контрола на системот за снимање арх.бр.03-4047/1 од 19.09.2017 година, во кој се констатира дека при извршена контрола на системот за снимање на ден 19.09.2017 година, утврдено е дека регионалната телевизија ТВ Скопје, од Скопје емитува програма преку дигитален терестријален мултиплекс.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје;
- Секторот за информатичка подршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.